# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН  РАЗВОЈ
# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА 2015-20 ГОДИНА

# С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД ........................................................................................................................ 1

1. МЕТОДОЛОГИЈА ................................................................................................ 5

2. SWOT АНАЛИЗА – ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРИТЕ И ЛОШИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИТЕ И ЗАКАНИТЕ ЗА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ .........................................7

3. СТРАТЕШКИ ФОКУСИРАНИ ОБЛАСТИ …………………………………………… 9

**В О В Е Д**

Стратегијата за локален развој на Општина Крива Паланка за периодот 2015-20 година е фундаментален документ и клучна алатка со помош на кој ќе се планира развојот на општината во наредниот период, базиран на локалните силни страни и ресурси детектирани во процесот на планирање. Оваа стратегија во основа претставува надградба на Стратегијата за локален економски развој 2009-14 година, која всушност беше и база за креирање на новата стратегија. Анализата на исполнетост на претходната стратегија покажа дека истата била во огромна мера реализирана, како доказ за успешното планирање, познавање на локалните потреби и претпоставки, но и за сериозна и квалитетна анализа на потенцијален ризик во процесот на имплементација.

Стратешкото планирање за развој на општината е сериозен предизвик и потфат со кој треба да се изврши детална анализа на фактичката состојба, да се утврдат потенцијалите и приоритетите за развој и да се дефинираат рационални мерки и активности за обезбедување на добар квалитет на живеење на локалното население. Сериозната идентификација на потребите на локалното население, рационална проценка на силните страни и можностите, квалитетна анализа на заканите, односно познавање на ситуацијата во општината води кон дефинирање на приоритетите и квалитетни решенија за задоволување на вистинските потреби на граѓаните. Ова ќе овозможи квалитетно структурирање на општинската организација и програмите, заради ефикасна имплементација на стратегијата.

Брзите промени во општествените односи, новите стандарди во производството, глобализацијата на пазарот, транзициските процеси во националната економија бараат фокусирање на локалната управувачка структура во поефикасно и подлабоко искористување на локалните ресурси, развивање на нови економски гранки, но и подобрување и прилагодување на постоечките на позитивните глобални трендови. Отварањето на границите, приближувањето кон Европската Унија, напливот на глобални туристи, отварањето на нови можности во облик на фондови и програми за развој бараат длабока анализа на релевантните чинители и прилагодување на условите со цел подобрување на квалитетот на живеење на локалното население.

Стратегијата за локален развој за периодот 2015-20 е подготвена со цел да даде рамка на идните активности што треба да обезбедат одржлив развој на подолг период, да се спроведат активности за поттикнување на младите за користење на локланите ресурси и намалување на миграциските процеси како еден од главните предизвици за наредниот период.

Предизвикот наречен европски фондови, регионална и прекугранична соработка, вмрежување, збратимување и креирање на партнерства со градови од Европската Унија, со цел размена на искуства, користење на дополнителни европски финдови за подобрување на животот на обичниот граѓанин е причина повеќе за креирање на интегрален стратешки документ со кој ќе се дефинира развојната насока на општината за периодот кој следи. Истовремено инкорпорираните елементи во стратегијата се во согласност и колизија со националните и регионалните стратешки документи, следејќи ги во чекор напорите на државата за креирање на услови за одржлив развој.

Дефинираните фокусирани стратешки области ги покриваат сите клучни подрачја кои го покриваат процесот на обезбедување на услови за оддржлив економски развој. Инкоропорирани се активности, кои се всушност продолжение на претходно имплементираните кои се покажале како корисни, а се вклучени и нови активности соодветни за тековните општествени услови.

Клучните актери во изготвувањето на стратешкиот документ мора да се свесни за улоги и одговорности, а локалната власт не опходно е да додели одговорност заради ефикасна имплементација на програмите и проектите, дефинирање на индикаторите и мерливите цели за следење на прогресот на имплементацијата, затоа што стратешкото планирање е динамичен процес и финалниот документ треба да се гледа како динамичка алатка, која може да се апдејтира и подобрува согласно потребите на општината. Поради тоа носителите и изготвувачите на овој документ пристапуваат кон овој процес како циклус, кој содржи анализи, планирања, програмирање, имплементација, мониторинг, проценка и повторна анализа. По завршувањето на циклусот стратегијата треба да се репрограмира за некој нареден повеќегодишен период.

Обврска на изготувачите на документот е да обезбеди и соодветна организациска структура предводена од Градоначалникот и администрацијата во локалната самоуправа е да обезбеди доволно ресурси и вклучување на локланата заедница и заинтересираните страни, со цел што поголема исполнетост на стратешката програма како репер за добро програмирање и мобилност за унапредување на програмата кога за тоа ќе се појават услови и потреба. Вклученоста на пошироката јавност во процесот на изготвување на стратегијата на некој начин претставува и обврска на носителите да ги вклучат истите актери и во процесот на имплементација на стратегијата. На некој начин ова претставува и клучен момент за директно вклучување на пошироката локална заедница во процесот на дефинирање на приоритетите за развој на општината и промоција на концептот „*од доле – нагоре*“ , или т.н. “bottom-up access” што е многу актуелен во земјите од Европската Унија.

Стратегијата за локален економски развој 2015-20 година, која е одобрена и изгласана од членовите на Општинскиот Совет, директно треба да е поврзана и усогласена со акциските планови и актите за изработка на општинскиот буџет, оперативните планови на општинските одделенија и сектори, плановите и актите на јавните локални институции, (пред се на ЛУ Градскиот музеј, ЈП Комуналец, но и на образовните институции) годишните програми на граѓанските организации, вклучени во процесот на нејзино изготвување. Истата треба во целост интегрирана во секојдневните општински работни процедури, со утврден систем на управување и прецизно идентификувани носители на активности со дефинирани овластувања и одговорности за имплементација на процесите во определениот временски рок. Вклучувањето на сите активни чинители е од круцијално значење и нивниот придонес треба постојано да се следи со дефинирани индикатори за успех кои ќе даваат базични податоци и информации поврзани со напредокот на имплементирачкиот процес, со што ќе се овозможи и комплетен увид на процесот на реализација на стратешкиот документ.

Со тоа ќе се овозможи транспарентност на целиот циклус на стратегијата и зголемување на придонесот на локалната заедница како директна засегната страна од имплементацијата на стратегијата за периодот 2015-20 година.

## 1. МЕТОДОЛОГИЈА

Основна начела на кои се заснова планирањето на локалниот развој се оддржливоста и вклученост на локалната заедница.

Начелото на оддржливост се базира на идејата да природните и човечките ресурси мораат да бидат регенеративни и урамнотежени помеѓу себе за да може истите да опстанат. Тоа подразбира интегрирање на круцијалните економски, општествени и аспекти на животната средина . Економските фактори се битни за динамична и ефикасна економија, која ќе осигура просперитет и ќе даде шанса на сите и со клучна улога на трошоците за рационално искористување на локалните ресурси и нивно ставање во функција на подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница. Општествените фактори се однесуваат на осигурување на подобри социјални услови, базирани на економски, социјални и културни права за сите членови на заедницата, вклучувајќи ги и половата и националната рамноправност. Факторите поврзани со заштита на животната средина се однесуваат на рационално користење на природните ресурси со цел задоволување на моменталните потреби на граѓаните, кое нема да ја загрози иднината на идните генерации

Начелото на вклученост на локалната заедница во прв план го наметнува прашањето на општествена и социјална интеграција и усклaдување со особена сензитивност за потребите и интересите на социјално ранливите и маргинализираните групи. Остварувањето на ова начело ќе води кон изедначување на шансите за развој и кон зголемувањето на општествената атрактивност.

Покрај овие начела водена е сметка и за три останати дефинирани битни карактеристики – интегриран пристап, партиципација и стандардизација.

Интегрираниот пристап опфаќа три значајни димензии на процесот на планирањето - интерсекторски пристап, односно интеграција на општествените сектори врз основа на претпоставката за меѓусебната зависност на природните и општествените фактори

- прилагодување на претпоставките за локален развој со постоечките можности и извори на финансирање, со посебен акцент на Европските фондови кои ќе бидат многу значаен фактор за периодот за кој се однесува стратегијата за локален развој и
- секој сектор мора да ги задржи своите основни фокуси, но при интеракцијата да се оствари заедничка ефикасна синергија во облик на правилен развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население.

Партиципацијата во рамките на интегрираниот локален развој подразбира активно вклучување на граѓанскиот сектор (граѓанските организации, сите различни социјални групи, како и сите граѓани воопшто) и приватниот сектор со безрезервна активност на јавниот сектор во сите фази на управување со локалниот развој.

Стандардизацијата подразбира усогласување на концептот на креирање на стратегијата и користење на стандардизирана методологија за процесот на планирање на локалниот развој.

Стратегијата за локален развој е подготвена во соработка и учество на сите засегнати страни–претставници на локалната самоуправа и јавните институции, невладините организации и претставници на бизнис секторот. Имајќи ги во предвид финансиските можности на општината, раководниот тим на општинската администрација предводен од Градоначалникот, одлучи целиот процес на креирање

на стратегијата за локален економски развој за 2015-20 година да биде воден и спроведен од страна на Одделението за локален економски развој, јавни дејности и информатичка технологија. Покана за партиципирање во работниот тим беше доставена до сите јавни локални институции, национални институции со подрачни единици во градот, невладини организации, јавни дејци и истакнати личности во својата област од општината и повеќето приватни компании во градот.

### *1.1 Процес на подготовка на стратешкиот план*

Самиот процес на изработка на стратегијата беше осмислен и реализиран во неколку сегменти во периодот февруари-јули 2015 година. Најпрво беше извршена интерна анализа на исполнетост на стратегијата 2009-14 и истата беше доставена до членовите на работниот тим. На основа на анализата и забелешките од работната група, базирајќи се на актуелната национална и регионална политика и можностите за користење на средства за развој, најпрво на заедничка работилница се дефинираа визијата и мисијата за наредниот период.

При изготвувањето на стратешкиот документ како појдовна основа, општинскиот тим ги има искористено Стратегијата за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2009-14 и анализата на нејзината исполнетост, Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2009-19 година), Стратегијата за регионален развој на Североисточниот регион (2014-20 година), Стратегија за развој на културата во Република Македонија (2012-17). Исто така, во предвид се земени и определбите од следните среднорочни и долгорочни плански документи на национално ниво - Стратешки приоритети на Република Македонија (2015-17), Програма за работа на Владата (2014-18), Фискална стратегија на Република Македонија (2015-17), Пред-пристапна економска програма (2014-16), Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-20), Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија (2010-20), Националната стратегија за заштита и спасување (2014-18), Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-20), Национална стратегија за одржлив развој (2009-30), Национална стратегија за води (2011-41), Индустриска политика на Република Македонија (2009-20), Стратегија за иновации на Република Македонија (2012-20), Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2030 година, Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година, Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020 година.

При дефинирањето на приоритетните области на стратегијата за локален економски развој на Општина Крива Паланка исто така се вршеше усогласување со определбите на – Инструментот за предпристапна помош (IPA II) – Стратешки индикативен документ на Европската Комисија за Македонија (2014-20), Стратегијата ЕУ 2020 за одржување на „одржлив, инклузивен и паметен раст“, Регионална стратегија за Југоисточна Европа 2020 – работни места и просперитет во Европска перспектива.

Процесот на креирање на стратегијата беше спроводен од тим, формиран со Решение на Градоначалникот на општината, раководен од општинската администрација, а со активно учество на граѓаните од приватниот и граѓанскиот сектор.

Модерирањето на работилниците беше од страна на вработените во Одделението за локален економски развој, јавни дејности и информатичка технологија и на првите неколку работилници беше дефинирана Визијата и Мисијата за општината во периодот за кој се однесува стратегијата и извршена подетална SWOT анализа. Притоа, членовите на работната група ја искористија и анализата за исполнетост на стратегијата за претходниот период, односно дискутираа за активностите и програмите кои беа исполнети и ефектот од нивната реализација, односно успешноста во процесот на планирањето на истата.

Работната група предводена од Одделението за локален економски развој, јавни дејности и информатичка технологија дефинираше шест стратешки фокусирани области

1. Економски развој,
2. Рурален Развој,
3. Образование, спорт и култура,
4. Заштита на животната средина и енергетска ефикасност
5. Социјална и здравствена заштита,
6. Локално управување, информатичка технологија и информирање на граѓаните

За секоја стратешки фокусирана област беше определена и посебна работна група, составена од претставници од сите сектори, кои ги дефинираа стратешките цели, конкретните цели и програми за секоја област поединечно.

## 2. SWOT АНАЛИЗА – ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРИТЕ И ЛОШИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИТЕ И ЗАКАНИТЕ ЗА ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ

Работната група за изготвување на Стратегијата за локален развој за периодот 2015-20 година нанеколкуте заеднички работилници изврши анализа на постоечката состојба, со која се утврди фактичката состојба на терен, ресурсите и можностите за развој, потенцијалните закани и недостатоци со кои се соочува локалната заедница. На основа на извршената анализа беа детектирани следните

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Геостратешка положба на Крива Паланка<br>• Еколошки чист регион<br>• Природни богатства<br>• Постоење на економска зона<br>• Локација на две гранични линии<br>• Близина на два меѓународни аеродрома<br>• Човечки ресурси<br>• Искуство во прекугранична соработка<br>• Поволни климатски услови | • Неизработена планска документација<br>• Недостиг на градежно земјиште<br>• Застарени урбанистички планови<br>• Ниска јавна свест<br>• Нерасчистени имотно правни работи<br>• Неповолни услови за кредитирање<br>• Одлив на кадри од општината<br>• Слаба финансиска моќ на населението<br>• Немање стратешки и други документи<br>• Неразвиен претприемачки дух кај население<br>• Неразвиен услужен сектор<br>• Неразвиен граѓански / НВО сектор<br>• Слаба комуникациска инфраструктура<br>• Недостаток на релевантни информации за постоечки фондови, програми и др.<br>• Користење на услугите и поволностите на банките<br>• Неизградена гасоводна мрежа |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • ЕУ интегративен процес и пристап до ЕУ фондови и развојни програми<br>• Привлекување на директни гринфилд инвестиции<br>• Динамизирање на изградбата на Коридор 8<br>• Развој на алтернативни видови на туризам<br>• Еколошко компипроизводство<br>• Развој на земјоделието и органското производство<br>• Отварање на граничен премин со Република Србија<br>• Услови за јавно приватно партнерство<br>• Користење на можностите и развој на средното образование за потребите на пазарот<br>• Користење на потенцијалите од НВО секторот<br>• Заштита, валоризација и презентација на културното наследство (етнолошко, историско и археолошко)<br>• Стимулативна даночна политика<br>• Меѓународна и регионална соработка<br>• Воден потенцијал<br>• Гасификација<br>• Привлекување на домашни и странски инвестиции | • Висока стапка на невработеност<br>• Одлив на човекови ресурси<br>• Намален наталитет<br>• Ниска еколошка свест<br>• Низок степен на животен стандард<br>• Конкурентност од блиските развиени региони<br>• Државната сопственост на земјиштето во општините<br>• Нестабилна политичка и економска состојба во државата<br>• Неизграден коридор Е-8<br>• Меѓудржавна незаинтересираност за отворање на нови гранични премини<br>• Нефункционални(раситнети/запуштени) земјоделски површини |

**ВИЗИЈА**

***„ Крива Паланка како современо развиена инфраструктурна средина, економски стабилна општина, која ги задоволува стандардите на живеење на граѓаните, возможува континуиран напредок и развиток во сите сегменти од животот“***

**МИСИЈА**

***„ Имплементација на мерки и програми за ставање во фунцкија на сите локални расположиви ресурси со цел обезбедување на оддржлив развој и подобрување на квалитетот на живеење на локалното население “***

## *3. СТРАТЕШКИ ФОКУСИРАНИ ОБЛАСТИ*

Појдовна основа за дефинирање на приоритетите за наредниот период е детектирање на локалните потенцијали и нивно целосно ставање во функција на овозможување на оддржлив развој. Токму, развојот на локалната економија ќе биде основен двигател за наредниот петогодишен план. Младата популација и спречување на миграциските процеси е најголем приоритет на општината, со фокус на обезбедување на работни места за малдите луѓе, користејќи ги локалните потенцијали за развој.

Раководејќи се од овие принципи, екипата за изработка на стратешкиот план дефинираше шест стратешки фокусирани области

1. Економски развој
2. Рурален развој
3. Образование, спорт и култура
4. Заштита на животна средина и енергетска ефикасност
5. Социјална и здравствена заштита
6. Локално управување, информатичка технологија и информирање на граѓаните

Фокус во наредниот период ќе биде даден на обезбедување на оддржлив развој, преку:

- подобрување на бизнис климата, односно поддршка и помош за развој и унапредување на претприемаштвото и малите и средни претпријатија, особено на микро и семејните бизниси како идни носители на локалниот развој,
- креирање на услови за развој на туризмот

На понатамошни заеднички две работилници, со активна партиципација на сите членови на групата беше извршена детална SWOT анализа на база на постоечката ситуација.

По дефинирањето на шестте фокусирани стратешки области, работната група дефинираше шест работни подгрупи, кои продолжија засебно да работат по секоја стратешка област.

Секоја работна подгрупа оддржа по четири работилници, на кои детално се разработени стратешките и конкретните цели и дефинирани програмите и приоритетите за периодот што следи, базирани на претходно дефинираната визија и мисија. Драфт верзиите од работните групи, по процесот на усогласување со годишните програми на општинската администрација, беа разгледани и усвоени од страна на раководниот кадар во локалната самоуправа.

По оддржаната јавна дебата, на која беше презентирана драфт-стратегијата и разгледани сугестиите дадени од пошироката локална заедница, истата беше усвоена на седница на Општинскиот Совет, со што стана и официјален документ на општината.

***СФО 1 –ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

| **Р/б** | **Стратегиски цели** | **Конкретни цели** | **Програми /Проекти** |
|---|---|---|---|
| 1. | Создавање на услови за локален развој преку развој на инфраструктурата | 1.1. Изработка и ревизија  на урбанистичките планови | 1.1.1.Изработка и донесување на детални  урбанистички планови на град Крива Паланка<br>1.1.2. Изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација |
| | | 1.2. Изработка  на техничка документација, и реконструкција на постоечките и изградба на нови улици, локални патишта и изградба на паркинг простор | 1.2.1.Изработка на техничка документација<br>1.2.2 Реконструкција на постоечките и изградба на нови улици,локални  патишта<br>1.2.3 Изградба на паркинг простор |
| | | 1.3. Пазари | 1.3. 1.Изградба на сточен пазар<br>1.3.2. Покривање на постојаниот зелен пазар со изградба на повеќе нивоа за деловен простор |
| | | 1.4  Гасификација | 1.4.1 Изградба на гасификациона мрежа |
| 2. | Изготвување на програми за профитабилни инвестициони вложувања | 2.1. Изработка на физибилити студии | 2.1.1. Изработка на физибилити студии за искористување на природните ресурси<br>2.1.2. Изработка на физибилити студии за искористување на обновливата енергија<br>2.1.3. Изработка на физибилити студија за заштита на животната средина<br>2.1.4. Изработка на физибилити студија за развој на туризмот<br>2.1.5. Изработка на физибилити студија за привлекување на инвестиции |
| | | 2.2.Изработка на стратешки документи | 2.2.1 Изработка на стратегија за развој на туризмот<br>2.2.2 Изработка на стратегија за рурален развој<br>2.2.3 Изработка на стратегија за привлекување на инвестиции<br>2.2.4 Изработка на маркетинг стратегија<br>2.2.5 Изработка на стратегија за одржлив развој |
| | | 2.3. Промоција и поттикнување на Јавното Приватно Партнерство-ЈПП | 2.3.1. Изготвување на стратегија за развој на ЈПП |
| 3. | Создавање поволна бизнис клима  и привлекување на | 3.1. Брендирање на локалните производи | 3.1.1. Изработка на листа на локални производи за брендирање<br>3.1.2 Едукација на производителите за брендирање на локални производи<br>3.1.3 Поддршка од локалната власт во процесот на брендирање- финансиска и административна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | инвеститори | 3.2. Создавање на регионална и прекугранична бизнис мрежа | 3.2.1Формирање на асоцијации,кластери и други мрежи за истородни економски дејности за североисточен регион, прекуграничен регион и микро регион<br>3.2.2 Организирање на бизнис средби со домашен, регионален и меѓународен карактер<br>3.2.3 Посета на домашни и меѓународни бизнис настани |
| | | 3.3 Формирање на Фонд за развој на општината | 3.3.1. Обезбедување на постојани финансиски средства за работа на фондот<br>3.3.2 Изработка на критериуми за доделување на финансиски средства од фондот |
| | | 3.4. Стимулативни политики од страна на локалната власт за подршка на мали, средни претпријатија и занаетчиство | 3.4.1Даночни и други финансиски олеснувања кои се во надлежност на локалната власт<br>3.4.2 Лобирање на локалната власт до централната власт за стимулативни даночни политики<br>3.4.3. Обуки за јакнење на капацитетите на локалната администрација, бизнис секторот и НВО секторот<br>3.4.4.Поддршка на општината за обновување на занаетчиските дејности<br>3.4.5.Изработка на стратегија за занаетчиски дејности |
| 4. | Создавање на услови за одржлив развој на туризмот | 4.1.Уредување и утврдување на локалните туристички зони | 4.1.1Изработка на урбанистички планови, и физибилити студии 4.1.2.Усогласување на националните со локалните просторни планови<br>4.1.3.Изработка на техничка документација за градба на објекти по извршено зонирање и утврдување на локации за конкретни туристички дејности<br>1.1.4.Уредување и адаптација на етно туристичка населба |
| | | 4.2Потикнување и афирмација на јавно-приватно партнерство за развој на туризмот | 4.2.1.Организирање на обуки за јавно приватно партнерство од областа на туризмот<br>4.2.2 Медиумски кампањи |
| | | 4.3 Изградба на туристичка инфраструктура | 4.3.1. Изградба на пристапни патишта,на поедини зони и локалитети<br>4.3.2. Изградба на водовод и канализација на поедини зони и локалитети<br>4.3.3. Изградба на електрификација, телекомуникациски врски , интернет зони, на поедини зони и локалитети<br>4.3.4 Поставување на туристичка сигнализација(информативни и патоказни табли од Општината и регионот<br>4.3.5. Изградба , уредување и обележување на патеки |
| | | 4.4.Континуирано градење на капацитетите на човечките ресурси одговорни за развој на туризмот | 4.4.1. Организирање на обуки за користење на домашни и странски фондови<br>4.4.2. Организирање на студиски патувања и користење на позитивни практики<br>4.4.3.Обуки за туристички водичи<br>4.4.4 Формирање на туристичко биро |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Интензивирање на прекугранична и регионална соработка помеѓу заинтересирани субјекти од туристичкиот сектор | 5.1. Формирање и одржување на заеднички тела за подршка на развој на туризмот | 5.1.1. Прекугранично здружување во асоцијации за регионален развој<br>5.1.2.Интензивирање на соработка со партнерите од североисточниот, прекуграничниот и други региони |
| | | 5.2.Креирање и одржување на конкретни заеднички туристички продукти | 5.2.1.Развој и афирмација на сите видови туризам<br>5.2.2.Креирање на заедничка регионална и прекугранична туристичка понуда<br>5.2.3. Организирање заеднички регионални и прекугранични манифестации |
| | | 5.3. Иницирање и промовирање на нови локални, регионални, прекугранични и национални партнерства и соработки | 5.3.1.Иницирање и воспоставување на регионални и прекугранични партнерства со општини од регионот и општини од други земји<br>5.3.2. Подршка и афирмација на сите форми на локална, регионална и прекугранична соработка<br>5.3.3.Институционално поврзување со општини од соседните региони, прекуграничните региони и општини со слични потенцијали од несоседните држави |
| 6. | Развој на иновативни иницијативи | 6.1 Промоција на регионот | 6.1.1. Мулти - медиска промоција<br>6.1.2. Организирање на промотивни настани и манифестации |
| | | 6.2 Истражување на регионот | 6.2.1 Истражување на компаративните предности и потенцијали |

## ***СФО 2 –РУРАЛЕН РАЗВОЈ***

| Ред .бр | Стратегиски цели | Конкретни цели | Програми /Проекти |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на условите за живот во руралните средини преку изградба на инфраструктура во функција на руралниот развој | 1.1. Подобрување на патна инфраструктура во рурални средини | 1.1.1. Реконструкција на постоечка патна инфраструктура во рурални средини<br>1.1.2.Изградба на нова патна инфраструктура во рурални средини |
| | | 1.2.Изградба на водоводни системи ,системи за наводнување и акумулации во руралните средини | 1.2.1.Реконструкција на водоводни системи во рурални средини<br>1.2.2Изградба на водоводни системи, системи за наводнување во рурални средини<br>1.2.3. Изградба на акумулации и брани во општината |
| | | 1.3. Реконструкција и пренамена на училишните згради и задружни домови | 1.3.1Изработка на студија за искористување на училишните згради и задружни домови |
| | | 1.4 Донесување на урбанистички планови и друга планска документација за руралните области | 1.4.1 Изработка и донесување на урбанистички планови за села<br>1.4.2Изработка и донесување на урбанистички планови вон населени места<br>1.4.3.Изработка и донесување на општи акти за начинот на градба во населени места во кои нема урбанистичка планска документација |
| | | 1.5 Подобрување на енергетска инфраструктура | 1.5.1. Изградба и доградба на електро мрежа во рурални средини<br>1.5.2.Реконструкција на постоечка дистрибутивна мрежа<br>1.5.3. Користење на обновливи извори на енергија |
| 2. | Подобрување на конкурентноста на земјоделските производи преку поддршка на еколошкото производство со искористување на фондовите за развој на земјоделието | 2.1.Едукација на населението за искористување на фондовите за развој на земјоделието | 2.1.1. Обука и едукација за искористување на ЕУ фондовите<br>2.1.2. Обука и едукација за примена на ЕУ стандардите |
| | | 2.2.Едукација на населението за еколошко и органско производство | 2.2.1.Обука и едукација на населнието за начините и можностите за еколошко и органско производство<br>2.2.2. Обезбедување на услови за развој на специфични гранки на земјоделие<br>2.2.3.Создавње услови за окрупнување на земјоделските стопанства<br>2.2.4.Обука и едукација за создавање на брендирани и заштитени производи карактеристични за овој регион |
| 3. | Користење на шумските плодови и лековитите растенија | 3.2.Одржливо користење на шумските плодови и лековитите растенија | 3.2.1 Обука и едукација за одржливо користење на шумски плодови и лековити растенија<br>3.2.2. Изградба на преработувачки капацитети |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Подобрување на услови за развој на сточарството, рибарство и пчеларството | 4.1. Едукација на населението за искористување на фондовите за развој на сточарство и други дејности поврзани со производство на здрава еколошка храна од животинско потекло | 4.1.1Обезбедување на услови за развој на специфични гранки на сточарство<br>4.1.2.Создавање на услови за подобрување на конкурентноста и окрупнување на сточарското производство<br>4.1.3.. Програми за поддршка на проекти за изградба на современи мали и средни производствени капацитети<br>- за млеко и млечни производи<br>- за месо и месни производи<br>- за риба и рибни производи<br>- за мед и медни производи |
